Црвен крст на Република Македонија

# ПРИРАЧНИК
## ЗА ЕДУКАЦИЈА НА МОТИВАТОРИ ВО КРВОДАРИТЕЛСТВОТО

Д-р med. sci. Никола Камчев • Prim. Д-р [illegible]

[illegible]



Скопје, ноември 2006

ИЗДАВАЧ
Црвен крст на Република Македонија
ЗА ИЗДАВАЧОТ
Сант Саити
ВД. Генерален секретар на Црвен крст
на Република Македонија

# ПРИРАЧНИК ЗА ЕДУКАЦИЈА НА МОТИВАТОРИ ВО КРВОДАРИТЕЛСТВОТО

Д-р мед. сци. Никола Камчев
•
Прим. Д-р Јулијана Алексовска спец. трансфузиолог
•
Кети Еровска Исајловска - психолог
•
Благор Новачевски стручен сор. за крводарителство

•
ЛЕКТУРА
Јелица Дамјановска
•
ТЕХНИЧКО УРЕДУВАЊЕ
Владимир Хаџи Пулевски
•
ПЕЧАТИ "Европа 92" Кочани
•
ТИРАЖ 1000 примероци
•
ГОДИНА НА ИЗДАВАЊЕ
ноември 2006

Norges Røde Kors

Благодарност до НОРВЕШКИОТ ЦРВЕН КРСТ за финансиската поддршка за издавање на овој Прирачник

# Содржина

| | |
|---|---|
| Рецензија | 4 |
| Вовед | 6 |
| Црвениот крст-хуманите мотиви и вредности | 9 |
| Историја на крводарителството | 14 |
| Крводарителството во Република Македонија | 15 |
| Крвта како лек | 22 |
| Што претставува крвта | 23 |
| Црвени крвни клетки | 24 |
| Бели крвни клетки | 25 |
| Крвни плочки | 26 |
| Плазма | 27 |
| Циркулација | 28 |
| Крвни компоненти | 29 |
| Регрутирање на крводарители | 31 |
| Обезбедување на сигурна крв од доброволни, редовни и нискоризични крводарители | 33 |
| Најчесто поставувани прашања на дарителите на крв | 38 |
| Грижа за крводарителите | 43 |
| - Доверливост | 45 |
| - Мотивирачка работа во областа на крводарителството | 50 |
| - Индивидуална мотивирачка работа | 50 |
| - Групна мотивирачка работа | 51 |
| - Општа мотивирачка работа | 55 |
| - Техники и средства за мотивирачка работа во сите области на крводарувањето | 57 |
| Прашања и одговори од работилници и спроведени истражувања за мотивираноста во крводарителството кај нас и во светот | 66 |
| Литература | 72 |

# РЕЦЕНЗИЈА

## на ПРИРАЧНИК ЗА ЕДУКАЦИЈА НА МОТИВАТОРИ ВО КРВОДАРИТЕЛСТВОТО



*Промоцијата како начин на масовно комуницирање е еден од основните елементи на маркетингот кој го користи Црвениот крст на Република Македонија за исполнување на програмските активности, а посебно го користи во реализирање на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија.*

*Промоцијата се дефинира како збир на дејности кои со помош на визуелни, акустички и комбинирани средства ги информираат потенцијалните крводарители за нивната услуга, а со тоа влијаат на нивното мислење, промена на нивните ставови, сè со цел да се започне дарување, да се одржи процесот на дарување или да се постигне поголем ефект преку нив како мотиватори.*

*Маркетингот во крводарителската дејност се состои од многубројни активности кои го поттикнуваат крводарувањето. Црвениот крст и Трансфузиолошката служба како главни учесници во овој процес, финансиски потпомогнати од државата, врз основа на сопствените можности и ресурси имаат крајна цел - задоволување на потребите на болните од крв и стабилни крвни продукти, задоволување на потребите на крводарителите и потенцијалните крводарители.*

*Маркетингот е долгорочна инвестиција. Станува збор за упорна и доследна работа на една проблематика која добро се познава, а успехот доаѓа подоцна и оди постепено, но сигурно, со постојано зголемување на бројот на собраните единици крв.*

*Црвениот крст на Република Македонија останува доследен на своите програмски определби да подготвува и издава информативно - пропаганден материјал. Овој Прирачник е значаен, интересно компониран, напишан со многу труд и љубов, наменет за возвишени и хумани луѓе, доследен на благородната активност на Црвениот крст во Република Македонија.*

*Прирачникот претставува единствен труд од ваков вид за едуцирање на мотиваторите за успешна промоција на крводарителството во одредени средини и целни групи во Република Македонија. Истовремено, Прирачникот ги потсетува учесниците во реализирањето на процесот на крводарување за активности кои се составен дел на однесувањето на здравствениот кадар кој учествува во актот на самото дарување на крв. Истовремено прирачникот со своите интересни и богати содржини е наменет и за пошироката јавност, без разлика на пол, возраст и професија.*

*Прирачникот е концептиран во неколку поглавја кои сите заедно даваат одговор на многу прашања, а крајна цел е позитивна промоција на крводарителството и обезбедување на доволен број крводарувања.*

*Во првото поглавје авторите нè запознаваат со историските моменти на Црвениот крст, од основањето, па*

преку Меѓународното хуманитарно право и Женевските конвенции, до основните принципи на Црвениот крст и неговиот амблем.

Во второто поглавје авторите на еден пристапен начин ја доближуваат историјата на крводарителството, со особено нагласен пристап кон историјата на крводарителството во Република Македонија, со посебен осврт кон Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија на мотиваторите на крводарувањето и пошироката јавност.

Во третото поглавје на едноставен и сликовит начин авторите се потрудиле да го прикажат составот на крвта и да објаснат што сѐ може да се подготви од една дарувана кеса крв или од еден дарител по пат на афереза.

Комуникацијата со крводарителите, поделеноста на граѓаните на крводарители и нередовни крводарители и нивните мотиви да припаднат во едната или другата категорија, позитивната психолошка мотивација, едукацијата на крводарители и нивна анимираност и будење желба да останат и понатаму крводарители на многу едноставен начин, прифатлив за пошироката јавност, се прикажани во четвртото поглавје.

Петтото поглавје е посветено на многу интересни прашања поставувани од крводарителите. На многу суптилен и разбирлив начин авторите одговараат на прашањата.

Грижата за крводарителите започнува од професионалниот и пријатен прием, доверливост кон искрените податоци добиени од крводарителите, грижата за крводарителите при самиот акт на крводарувањето и по дарувањето, се прикажани во шестото поглавје.

Во седмото поглавје прикажана е мотиварачката работа во крводарувањето со сите техники на дејствување.

Во осмото поглавје, од нашата пракса, се прикажани интересни одговори добиени преку работа во работилници со лица мотиватори, крводарители и потенцијални крводарители, што му дава посебен белег на овој Прирачник

Заради исклучителното богатство од факти инкорпорирани во овој Прирачник тој може да се препорача како основно средство за едукација на мотиваторите за крводарување, но и како дополнителна литература за лекарите и здравствените работници во Трансфузиолошките служби во Републиката, психолози, педагози, социолози, студентите по медицина, и пошироката јавност.

Др. сци. Мед. Никола Камчев



